РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
Бр. 02-1249/1
17.10. 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025) и член 53, став 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр.426/2019), Одлука донесена на Наставно-научниот совет **бр. 02-1033/2-10 од 30.09.2025 година** за распишување на Интерен оглас, деканот на **Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**, распишува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**
**за ангажирање на демонстратори за академската 2025/2026 година**

**Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје** распишува оглас за избор на демонстратори, како помошници во наставно-образованиот процес на прв циклус студии за академската 2025/2026 година, и тоа:

1. **Еден демонстратор на институтот за храна, на предметни програми: Ботаника, Физиологија на растенија, Самоникнати хранливи и отровни растенија,Преработка на овошје, Преработка на зеленчук, Преработка на овошје и зеленчук и Технологија на алкохолни и безалкохолни пијалаци.**
2. **Еден демонстратор на институтот за животна средина, на предметни програми: Наводнување, Квалитет на почви и води,Управување со води во земјоделството, Фертиригација, Гео-информатика во земјоделството, Мелиорации со заштита од ерозија и Стопанисување со мелиоративните системи.**
3. **Еден демонстратор на институтот за агроекономика, на група предмети во научна област Економика на земјоделствотот.**

**<u>Критериуми за избор во демонстратор</u>**

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите од член 163 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025) и член 20 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр.426/2019) :

- **Демонстратор може да биде лице кое е студент на втор или трет циклус на студии од соодветната студиска програма.**
- **За демонстратор може да биде избран студент кој студиите од првиот циклус (додипломските студии) ги завршил со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).**

**<u>Кандидатите треба да ги достават следните документи</u>:**

1. Пријава за позицијата на која аплицираат согласно Интерниот оглас;
2. Доказ за завршен прв циклус студии според ЕКТС и освоени најмалку 240 кредити со просечна оценка за завршени студии (минимум 8,0) – Уверение за завршен прв циклус студии;
3. Доказ (потврда за редовно запишан семестар) дека се студенти на втор циклус (магистерски) или трет циклус на студии (докторски студии) на ФЗНХ;
4. Уверение за предвидени и положени испити (со оценки за положените испити), доколку кандидатот има положени испити;
5. Кратка биографија (активности во периодот на студирање, контакт тел. / e-mail).

**Факултетот го задржува правото да не го ангажира избраниот демонстратор, доколку во летниот семестар нема доволен фонд на часови, односно предмети.**

Демонстраторот се избира за ангажман во академската 2025/2026 година, односно до 30.09.2026 година.

**Документите од страна на кандидатите се доставуваат на адреса на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, ул. „16 Македонска бригада“ бр. 3 – Скопје, или во архивата на Факултетот во рок од 5 работни дена од денот на објавувањето на Интерниот оглас.**

Интерниот Оглас е објавен на огласна табла и на веб страната на Факултетот www.fznh.ukim.edu.mk